Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 28-02-2023
Орг. Един. 08 | Број: 394/5 | Прилог: | Вредност:

Врз основа со Одлуката донесена на осумдесет и четвртата редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески“ Скопје, одржана на 15.02.2023, избрани сме за членови на комисија за избор на демонстратор за студиската програма по италијански јазик и книжевност на предметот Современ италијански јазик и книжевност 2 (0+4) за летниот семестар во академската 2022/2023 година. На интерниот оглас се пријави една кандидатка, Елена Миленковска, која, согласно правилата на огласот, ја приложи соодветната документација.

По разгледување на документацијата, комисијата во состав проф. д-р Лучиана Гуидо Шремпф, проф. д-р Радица Никодиновска и проф. д-р Руска Ивановска-Наскова до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Елена Миленковска дипломирала во 2019 година со просек 9,38 на Катедрата за италијански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на студиската програма *италијански јазик и книжевност*, наставна насока, со дипломскиот труд со наслов „Фразалните глаголи во италијанскиот јазик“.

Во текот на академската 2016/2017 остварила студентски престој во времетраење од 1 месец на Универзитетот за странци Данте Алигиери во Реџо Калабрија, Италија, каде се здобила со сертификат за познавање на италијански јазик ниво Ц1.

Миленковска, за време на студиите зеде учество во превод од италијански на македонски на автобиографскиот роман “Vestivamo alla marinara” („Се облекувавме во морнарско”) од Сузана Ањели.

Од февруари 2019 година до јуни 2019 година била професор по италијански јазик во СОУ „Перо Наков“ во Куманово. Од април 2021 до февруари 2022 држела редовна настава по италијански јазик во ООУ „11 Октомври“, со ученици од шесто до деветто одделение каде, меѓу другото, работела со ученици со потешкотии при учењето и ученици кои покажуваат особено висок резултат на часовите по италијански, а истовремено организирала и додатна и дополнителна настава. Во тој период, Миленковска била класен раководител на една паралелка.

Од 2019 година до денес Елена Миленковска е соработник и професор по италијански јазик во Институт Данте Алигиери каде има активно учество во проектот за изучување на италијанскиот јазик во петтите одделенија, во основните училишта низ Р.С. Македонија, во соработка со Министерство за надворешни работи на Италија и италијанската Амбасада во Скопје. Миленковска предава италијански јазик во групи со возрасни лица и средношколци и одржува индивидуални часови по италијански јазик за сите нивоа и возрасти.

Во академската 2021/2022 година, Елена Миленковска, беше ангажирана на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески“ Скопје, како стручњак од практика за

студиската програма по италијански јазик и книжевност, на предметот *современ италијански* 2 во летниот семестар (0+2).

Во академската 2022/2023 година, во текот на зимскиот семестар, Миленковска била ангажирана на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески" Скопје, како стручњак од практика за студиската програма по италијански јазик и книжевност на предметот *современ италијански* 1 (0+4).

Елена Миленковска е запишана на втор циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на студиската програма *наука за јазик*, отсек *романистика*.

Елена Миленковска постојано ги надоградува своите познавања од областа на италијанската лингвистика и дидактиката на италијанскиот јазик како странски преку учество на разновидни семинари и обуки, организирани од страна на Катедрата за италијански јазик и книжевност при Филолошки факултет „Блаже Конески", Институтот Данте Алигиери од Скопје, Здружението на професори по италијански јазик и Амбасадата на Италија во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на погоре изнесеното податоци кои ги потврдуваат квалитетите и познавањата на кандидатката Елена Миленковска од областа на наставата по италијански јазик како странски и искуството што таа го стекнала од нејзината вклученост во наставниот процес, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески" Скопје да ја избере Елена Милемковска за демонстратор на студиската програма италијански јазик и книжевност по предметот *современ италијански јазик* 2 (0+4) за летниот семестар во академската 2022/2023 година.

Со почит,

Скопје, 28.02.2023

Комисија

проф.д-р Лучиана Гуидо Шремпф

проф.д-р Радица Николовска

проф.д-р Руска Ивановска -Наскова